## Големи пензиски фондови

| Датум | 31.12.2023 |
|---|---|
| 1. | Отворен задолжителен пензиски фонд Сава пензиски фонд |
| 2. | КБ Прв отворен задолжителен пензиски фонд – Скопје |
| 3. | Триглав отворен задолжителен пензиски фонд – Скопје |

Агенцијата утврди дека сите задолжителни пензиски фондови се големи пензиски фондови (анг: Large pension funds) во домашната индустрија на пензиско осигурување.Од перспектива на финансиска стабилност "голем" значи "со значајно потенцијално влијание врз финансиската стабилност". Податоците за овие три пензиски фондови се вклучени во утврдените системски ризици и пресметките на соодветните показатели поврзани со капитално финансираното пензиско осигурување.

**Методологија и податоци:**

За оценка на големите пензиски фондови (анг: Large pension funds) Агенцијата ја усвои дефиницијата од документот на ИОПС (Macro- and micro-dimensions of supervision of large pension funds*).
Еден пензиски фонд се смета за голем во домашната економија доколку исполнува барем еден од наведените критериуми:
B1. Неговите средства се поголеми од 10% од вкупниот пазар на пензиски фондови,
B2. Неговите средства се поголеми од 1% од пазарната капитализција на Македонската берза или
B3. Вредноста на домашните должнички хартии од вредност коишто ги поседува пензискиот фонд е поголема од 1% од вкупниот износ на издадените домашни должнички хартии од вредност.

*Извор: Macro- and micro-dimensions of supervision of large pension funds